Р Е П У Б Л И К А  С Е В Е Р Н А  М А К Е Д О Н И Ј А
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
Број 04-2803/2 од ____________ 2024 год.
С К О П Ј Е
26-12-2024

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), член 29 од Етичкиот кодекс на вработените во Центарот за управување со кризи број 08-203/1 од 25.12.2024 година, а во врска со Заклучокот бр.1 од точката 27 (Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внтарешна финансиска конторла за 2023 година) содржана во Извадокот од Нацрт - записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 декември 2024 година, заведен под број 41-6770/3 од 10.12.2024 година, директорот на Центар за управување со кризи, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за формирање на Етички комитет**

**1.** Се формира Етички комитет во Центарот за управување со кризи, во состав од следните вработени:

- Анита Цековска, координатор;
- Зоран Блажески, член;
- Горан Стојаноски, член;
- Садуш Арифи, член.

**2.** Етичкиот комитет ги спроведува следните активности:

- дава мислење за начинот на примена на одредбите од Етичкиот кодекс и постапува по доставените пријави од повереникот за етика;

- се состанува најмалку еднаш во годината, како и за секое известување за поднесена пријава;

- соработува со повереникот за етика и му дава насоки за работа;

- го разгледува поднесеното известување од повереникот за етика, заедно со приложените докази;

- дава одговор на поднесената пријава;

- ги следи стандардите од областа на етичкото однесување на вработените и дава предлози за подобрување на етичките стандарди во согласност со праксата.

- во зависност од видот и тежината на повредата, Етичкиот комитет може да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка до непосредно претпоставениот раководител на вработениот кој ја извршил повредата;

- врши други активности кои произлегуваат од Етичкиот кодекс на Центарот за управување со кризи.

**3.** Координаторот на Етичкиот комитет ја потпишува целокупната документација која произлегува од работата на комитетот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Заклучокот бр.1 од точката 27 (Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска конторла за 2023 година) содржана во Извадокот од Нацрт - записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 декември 2024 година, заведен под број 41-6770/3 од 10.12.2024 година, сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централната) власт и фондовите, се задолжени да донесат сопствен Етички кодекс или да го ажурираат постоечкиот доколку има потреба, во кој меѓудругото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и основаат Етички комитет.

Согласно одредбите од член 29 на Етичкиот кодекс на вработените во Центарот за управување со кризи, Етичкиот комитет е независно работно тело кое дава мислење за начинот на примена на одредбите од Етичкиот кодекс и постапува по доставените пријави од повереникот за етика. Етичкиот комитет е составен од координатор и три члена, кои се од редот на раководните државни службеници.

Со одредбите од член 30 на Етичкиот кодекс на вработените во Центарот за управување со кризи се пропишани обврските на Етичкиот комитет.

Вработените коишто се именувани во точката 1 од диспозитивот на ова решение се раководни државни службеници.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на приемот на истото.

Подготвил: Маја Антовска

**ДИРЕКТОР**
**Стојанче Ангелов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ-QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA СКОПЈЕ-SHKUP

Доставено до:
- Именуваните;
- Сектор за управување со човечки ресурси и
- Архива